СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 18 февруари 2000 Скопје
Број 12 Год. LVI

Аконтацијата за 2000 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

257.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ – СКОПЈЕ

1. Ангеле Спировски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ – Скопје

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр 17-29/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

258.

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ КОМИТЕТ ЗА РЕФОРМА НА ПЛАТНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1 За членови на Управниот комитет за реформа на платниот систем во Република Македонија се именуваат и

– Сем Вакнин, советник на Владата на Република Македонија,

– Тони Димитриоски, потсекретар во Министерството за финансии,

– Трајанка Лазаревска, директор на Секторот за економско работење во ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ – Скопје,

– Драган Мартиновски, помошник на министерот за финансии,

– Нина Настева, директор на Пазар на пари и краткорочни хартии од вредност,

– м-р Зоран Ставрески, директор на Дирекција во Народната банка на Република Македонија

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр 17-198/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

259.

Врз основа на член 128 став 1 и 129 од Законот за банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија“ бр 29/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА САНАЦИЈА НА БАНКА – СКОПЈЕ

1 Д-р Драгољуб Арсовски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка – Скопје, поради заминување на друга должност

2 За член на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка – Скопје се именува Тони Димитриоски, потсекретар во Министерството за финансии

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр 17-321/3
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

260.

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр 50/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ВИНИЦА

1 Билјана Јованова се разрешува од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Виница, поради заминување на друга должност

2 За член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Виница се именува Јован Костадинов, дипл социјален работник во оваа установа

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр 17-404/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

261.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ „МАКЕДОНИЈА" – СКОПЈЕ

1 Азис Положани се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" – Скопје

2 За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" – Скопје се именува Мевљан Таири, пратеник во Собранието на Република Македонија

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-405/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

262.

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр 3/97 и 23/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО–ПОПРАВНИОТ ДОМ – ИДРИЗОВО

1 Се разрешува Стојан Ристов од должноста директор на Казнено-поправниот дом Идризово, поради исполнување на условите за пензија

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-197/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

263.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

1 Се разрешува Зоран Чакаровски, од должноста советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења, на негово барање

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-201/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

264.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

1 За советник на директорот на Заводот за заштита на индустриската сопственост се назначува Биљана Лекиќ, досегашен советник во Заводот за заштита на индустриската сопственост

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-239/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

265.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1 Се разрешува Александар Тавчиовски од должноста потсекретар во Министерството за надворешни работи, поради заминување на нова должност.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-378/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

266.

Врз основа на член 158 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1 Се разрешува Слободан Богоески од должноста републички советник во Владата на Република Македонија

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-380/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

267.

Врз основа на член 158 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува д-р Бекир Жута, од должноста републички советник во Владата на Република Македонија

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-380/3
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

268.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 февруари 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

1 За помошник на директорот на Царинската управа се назначува Боро Борозан, дипл економист

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-393/2
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

269.

Врз основа на член 28, 29, 30, 31, 32, 37, 38 и 39 од Законот за домување („Службен весник на РМ" бр 21/98), Правилникот за инвестиционо и тековно одржување на станбени згради и станови („Службен весник на РМ" бр 31/98), како и врз основа на член 5 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр 2/94), Одлуката на Владата на Република Македонија за продажба на станови на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Република Македонија („Службен весник на РМ" бр 34/96 и 16/99), Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост („Службен весник на РМ" бр 68/92 и 57/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.02.2000 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2000 ГОДИНА

ВОВЕД

Предмет на Програмата за изградба и одржување на станбени згради и станови на територијата на Република Македонија се станови почнати да се градат во претходните години и што ќе се градат во 2000 година

Програмата опфаќа мерки и услови за обезбедување подобри услови за домување во постојните станбени згради и станови, како и определување елементи за висина на закупнината и за продажната цена на станови Во Програмата се определени средства што ќе се користат за изградба и одржување на станбени згради и станови во текот на 2000-та година Програмата третира и други работи како што е деловниот простор што се гради во и вон станбените згради и станови во сопственост на Република Македонија

Со Програмата е определен просторот за изградба и одржување на станбените згради и станови наменети за социјално загрозени лица, според Законот за социјална заштита – станбено необезбедени, како и предлог на станови што ќе се издаваат под закуп

Исто така, во Програмата спаѓаат одреден број на станови за продажба на млади брачни парови, станбено необезбедени, како и бројот на социјални станови, финансирани од „Фондот за социјален развој" на Советот на Европа.

Изработувач на Програмата е Министерството за урбанизам и градежништво, а ќе ја реализира Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија

I СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во овој дел на Програмата се искажани станбените згради и станови што биле отпочнати да се градат во претходните години, па се до 2000-та година. Исто така ќе бидат искажани зградите и становите што ќе бидат изградени и предадени во употреба во текот на 2000 година, како и финансиските показатели за истите

1. Од поранешните програми, до 1999 година биле отпочнати вкупно три згради со 283 станови и површина од 18.543,61 м^2 Сите наведени згради се наоѓаат во Скопје и се предвидува да бидат дадени во употреба во првата половина на 2000-та година. Вкупното чинење на зградите изнесува 27 751.458,00 ДЕМ
2. Во текот на 1999 година се отпочнати со градба 11 објекти со вкупно 369 станови и со површина од 20.0003,32 м^2. Во Скопје се отпочнати со градба три згради со 187 станови и со површина од 10 879 м^2 Во Прилеп е отпочната една зграда со 52 станови и со површина од 1 709,84 м^2 Сите овие објекти планирани се да бидат завршени со градба и предадени во употреба до крајот на 2000-та година, а еден помал дел во првата половина на 2001-та година. Вкупното чинење на зградите е 20.790 482,00 ДЕМ. До сега се вложени средства во висина од 3.055 239,00 ДЕМ, а за довршување потребни се уште 17 734.943,00 ДЕМ
3 Со Програмата во 1999 година отпочнати се со подготвителни работи на 16 згради со 375 стана, со 21 382 06 м^2. Градбата на зградите е планирана да започне во 2000-та година, а предавањето на зградите во употреба во 2001 година Вкупната вредност на објектите е 25 851 457 ДЕМ, а досегашните вложувања изнесуваат 683.110,00 ДЕМ
4 Со Програмата во 2000-та година е планирано во првата половина на годината да отпочнат подготвителни работи на 14 згради со 630 станови и површина од 35.385 м^2, а градбата да се одвива во втората половина на 2000-та година и првата половина на 2001-та година. Вкупното чинење на зградите се предвидува да изнесува 44 319 103 ДЕМ, а досегашните вложувања се 419 572,00 ДЕМ
5 Покрај овие станови во 2000-та година се предвидува да отпочне со изградба на 834 станови со

44 804,00 м², а градбата да трае до 2001-та година Становите се наменети за социјално загрозени лица, а се финансира со 50% од Социјалниот фонд на Советот на Европа

Заради осигурување на континуитетот на динамиката на изградбата во периодот на 2000/2001 година, со Програмата за 2000-та година е предвидено да отпочнат подготвителните работи на 26 објекти со 2389 станови, со вкупна површина од 144 589,00 м² Потребните средства за реализирање на планирани активности за подготвителните работи на наведените објекти изнесуваат 12 061 147,00 ДЕМ, а за 2000-та година потребни се 2 620 000,00 ДЕМ

Покрај активностите искажани во целиот плански период, во текот на градбата и предавањето на зградите и становите во употреба, ќе се најдат во градба, како споредени производ на станбените згради и помошните простории и деловен простор и тоа

- подруми вкупно 1418 со 9 306,63 м²
- гаражи вкупно 564 со 9 277,49 м²
- деловен простор вкупно 488 со 15 789, 58 м² **(прилог 1).**

Во овој дел на програмата посебно треба да се нагласи изградбата и финансиските показатели за Светскиот бизнис центар – Скопје

Вкупната инвестициона вредност на објектот се 37 564 884 00 ДЕМ

Досегашните вложувања се

Единица секција 8	9 090 658,00 ДЕМ
ЈП	6 217 601,00 ДЕМ
Јукан инжинеринг	2 480 735,00 ДЕМ

Потребни средства за довршување на објектот се 23 029 890,00 ДЕМ

Програмата за изградба на станбен и деловен простор за 2000 година е отворена и за изградба на други објекти, како и за странски инвеститори, доколку се обезбедат чисти локации предвидени со ДУП

Прилог 1

РЕКАПИТУЛАР

	станови		деловен простор		гаражи		подруми	
	број	поршина (м2)	број	поршина (м2)	број	поршина (м2)	број	поршина (м2)
	5	6	7	8	9	10	11	12
Вкупно I.1.	**283**	**18.543,61**	**74**	**2.846,20**	**66**	**1.136,22**	**165**	**967,68**
Скопје I 1	283	18 543,61	74	2 846,20	66	1136,22	165	967,68
Вкупно I.2.	**369**	**20.003,37**	**47**	**1.191,07**	**17**	**293,77**	**369**	**2.057,94**
Скопје I 2	187	10 879,00	31	774,27	0	0	187	989,19
Вкупно I.3.	**375**	**21.382,06**	**160**	**5.021,28**	**72**	**1.209,00**	**250**	**1.807,56**
Скопје I 3	34	2 200,00	0	-	41	615,00	0	0
Вкупно I.4.	**630**	**35.385,66**	**157**	**4.853,71**	**299**	**4.938,50**	**213**	**1.963,00**
Скопје I 4	454	25 510,00	116	3 436,00	228	3 420,00	102	1 176,00
Вкупно I.5.	**834**	**44.803,93**	**50**	**1.877,32**	**110**	**1.650,00**	**421**	**2.510,45**
Скопје I 5	463	23 739,00	28	940	100	1 500,00	80	840,00
СЕ ВКУПНО	**2.491**	**140.118,63**	**488**	**15.789,58**	**564**	**9.227,49**	**1.418**	**9.306,63**
Вкупно Скопје	1 421	80 871,61	249	7 996,47	435	6 671,22	534	3 972,87

II ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ

Поаѓајќи од законските одредби, Министерството за урбанизам и градежништво со оваа програма ги насочува основите за обезбедување средства за одржување на станбените згради и станови во сопственост на Република Македонија со намера истите да ги пласира во одржувањето на станбените згради и станови во сопственост на Република Македонија

За одбележување е тоа што со Законот за продажба на станови („Сл весник на РМ" бр 36/90 и 62/92) е овозможено носител на станарското право истите да ги откупува со што е отпочната сопственичката трансформација во оваа област

Треба да се напомене дека од вкупно наменските средства за одржување на станбените згради и станови утврдени со оваа програма 25% се наменети за одржување на станбени згради и станови за социјално згрижени лица

1 Физички показатели

Бројот на становите во сопственост на РМ изнесува 6 417 станови од кои со тврда градба се 5 166 станови, монтажни станови има 359 а станови во супстандардна состојба изнесуваат 892 станови

Според структурата становите 627 се гарсоњери, 2321 се еднособни, 2622 се двособни, 676 се трисобни, а 171 се четиресобни и повеќесобни

Вкупната корисна површина на становите изнесува 313 260 м²

Корисници на станови со статус на станарско право изнесуваат 4 310 станови

– со времени решенија	390 стана
– без никаква документација	575 стана
– бесправно вселени	781 стана
– друг вид на корисници	361 стана
Вкупно	2107 стана

Според книговодствената евиденција, вредноста на станбениот фонд е

– набавна вредност на становите	2 625 783 014,00 ДЕМ
– исправка на вредноста	610 338-802,00 ДЕМ
– сегашна вредност	2 015 444 232,00 ДЕМ

2 Извори на средства

Основен извор на финансирање на активностите околу одржувањето на станбените згради и станови

претставува закупнината како цена на услугите за користење на становите Висината на средствата од закупнината со кој се реализира оваа програма претставува 25% од фактурираната закупнина, намалена за делот што се уплатува на име данок на промет на услугите со стапка 13%

Вкупните средства за одржување на станбените згради и станови изнесуваат 26 524 291,00 денари од кои 5 304 859,00 денари ќе бидат наменети за одржување на станбените згради и станови чии корисници се станари со статус на социјално загрозени лица, а останатиот дел од 21 219 432,00 денари ќе бидат наменети за инвестирање во останатите станбени згради и станови

3 Мерки за обезбедување подобри услови за одржување

Полаѓајќи од досегашното искуство, како и од утврдените обврски со одредбите на законските прописи во областа на стопанисувањето со станбениот фонд, во смисла на успешно одржување се ЈП при реализацијата на оваа програма да ги има во предвид мерките искажани во пет точки заради обезбедување подобри и поефикасни услови за одржување на постојните станбени згради и станови

4 Елементи за висина на закупнината и продажната цена на становите

Основни елементи за утврдување висината на закупнината, за користење на станот се градежната вредност, амортизацијата на станот, површината на станот и коефициентот на вредноста на бодот како основа за утврдување на висината на закупнината

Во сегашни услови висината на закупнината се движи од 24 до 37 денари по 1 м^2, со исклучок за супстандардните станови што изнесува 25 до 40% од вредноста на становите со просечни услови на становите

Основни елементи пак за утврдување вредноста на становите за продажба во сопственост на РМ се градежната вредност на станот, амортизацијата, трошоците за утврдување на градежното земјиште и место положбата на станот

Со множење на добиените бодови со површината на станот се изнаоѓа вредност на станот во бодови, а вредноста на станот за продажба се изнаоѓа преку множењето на овие бодови со утврдениот коефициент од 0 60 ДЕМ по еден бод

III ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ

Во физички обем станува збор за продажба на 4 717 станови со површина од 313 260 м^2 сопственост на РМ Мегутоа 4523 станови се корисници со носители на станарско право

Предмет на продажба се 2107 станови со по расчистувањето на нивната статусна состојба во поглед на право на користење

Во првата фаза на Програмата за продажба се опфатени 498 стана со површина од 26 650,82 м^2 и вкупна вредност од 20 370 652 ДЕМ

Во втората фаза се планира да се продадат 50% од становите со Програмата од оваа година, а тоа се 185 станови

Продажбата на становите се врши по Одлука донесена од Владата на РМ кои предмет на продажбата се содржани во Програмата за 2000-та година Според таа одлука становите се продаваат 50% од вредноста на станот во готово, а останатиот дел се исплатува во 120 месечни рати со годишна камата од 8,4%

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Број 23–444/1
8 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

270.

Врз основа на член 7 став 1 точка 2,4 и 7 од Законот за заштита на растенијата („Сл весник на РМ" бр 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

НАРЕДБА
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО И СОТРУВАЊЕ НА ШТЕТНИКОТ ВОДЕНА ВОЛУХАРИЦА (ARVICOLA TERRESTRIS)

1 За спречување на ширење и сотрување на штетникот Водена волухарица (Arvicola terrestris) во подрачјата на Кочанско, Виничко и Штипско, по водоводните канали, насипите, околу реките и земјоделските површини каде што има појава на овој штетник, се организираат и спроведуваат следните мерки

1 1 Држателите на растенија, на сопствените површини и на насипите и споредните патишта со кои граничат нивните површини, да извршат агротехнички, механички и хемиски мерки за сотрување на штетникот и тоа

– чистење на површините, тировите, каналите и меѓите од растителни остатоци,
– собирање и изнесување на растителните остатоци од површините и нивно палење на купишта,
– пролетна обработка на почвата,
– поставување на родентициди-мамци на нападнатите површини

1 2 Агротехничките, механичките и хемиските мерки и мерките за претпазливост да се извршуваат исклучиво според упатствата од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

1 3 Држателите на растенијата, да учествуваат во изведувањето на мерките за сотрување на штетникот околу реките, каналите, насипите, патиштата и др, кои ги организира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со јавното водостопанско претпријатие кое делува на подрачјата од точка 1 на ова наредба

2 Примената на мерките од точка 1 на оваа наредба почнува од 23 02 2000 до 23 03 2000 година

3 Хемиските средства за извршување на мерките за сотрување на штетникот до економски оправдано присуство и трошоците за контролата над спроведувањето на мерките се обезбедуваат од средствата на Програмата за заштита на растенијата од болести и штетници

4 Мерките од точка 1 1 и 1 3 ги спроведуваат држателяте на растенијата

5 Држателите на растенијата, по завршување на мерките од ова наредба продолжуваат со следење и сотрување на штетникот, со агротехнички механички и хемиски мерки

6 Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 10-1063/3
февруари 2000 година
Скопје

Министер,
Марјан Ѓорчев, с р

271.

Врз основа на член 57-г од Законот за надворешнотрговското работење („Службен весник на РМ" бр 31/93, 41/93, 78/93, 59/96, 15/97, 13/98, 13/99, 50/99 и 82/99), министерот за трговија, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАДВОРЕШНАТА ТРГОВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и постапката за користење на средствата од надоместокот

за поддршка на надворешната трговија (во натамошниот текст средства од надоместокот)

Средствата од надоместокот се користат, во процентуален износ од докажаните трошоци утврдени со член 57-б од Законот за надворешно-трговското работење, без обврска за враќање, во зависност од висината на расположивите средства

Член 2

За одобрување на средствата од надоместокот одлучува министерот за трговија, комисиски

Член 3

За користење на средства од надоместокот, се поднесува писмено барање - до Министерството за трговија

Барањето од став 1 на овој член треба да ги содржи следниве податоци

1 Основни податоци за барателот

- фирма и седиште,
- број на решението од регистарскиот суд,
- матичен и регистарски број,
- даночен број,
- број на решението од регистарот на царински обврзници,
- жиро-сметка,
- раководно лице директор-управител,

2 Намена на бараните средства (опис за која активност, кога и каде),

3 Висина на бараните средства (трошоците да бидат образложени по ставки и конечна сума),

4 Број на одобрени барања за доделување на средствата од надоместокот во тековната година и намените за кои се користени,

5 Кратко образложение за целите што треба да се постигнат со активноста за која се бараат средствата

Ако во барањето недостасуваат некои елементи од став 2 на овој член, или ако исто има други недостатоци, ќе се повика барателот истите да ги отстрани во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето Ако барателот во утврдениот рок не ги отстрани недостатоците во барањето, ќе се смета дека истото не е ни поднесено

Член 6

Врз основа на барањето и приложената документација за одобрување на средства од надоместокот и поставените критериуми за секоја активност, согласно со одредбите од овој правилник, се врши оценка на оправданоста на барањето и анализа на постигнатите ефекти од претходно кофинансираните проекти и се одлучува по барањето со решение што го донесува министерот за трговија

Член 7

Министерот за трговија, доколку оцени дека барањето е оправдано, донесува решение за одобрување на средства од надоместокот

Член 8

Врз основа на решението за одобрување на средства од надоместокот, средствата се исплаќаат во рок од 60 дена по доставувањето на потребната документација за секоја намена поодделно од која ќе можат да се утврдат направените трошоци

Член 9

Постигнатите ефекти од претходно кофинансираните проекти на барателот со средства од надоместокот ќе имаат влијание при одлучувањето за одобрување на средства од надоместокот за идните проекти на барателот

Член 10

Средствата од надоместокот ќе се користат за следните намени

- Саеми во организација на Министерството за трговија,
- Саеми по иницијатива и во организација на барателите,
- Консултантски услуги,
- Истражување за настани на странски пазари,
- Изработка на промотивни материјали за странски пазари,
- Сертификација на производи наменети за извоз,
- Семинари

Член 11

За секоја од намените наведени во член 10 од овој правилник се објавува јавен повик во јавно гласило, во кој се одредува рокот за поднесување на барање за користење на средствата за оваа намена Во повикот се утврдува и рокот во кој барателите ќе бидат известени за исходот по нивните барања

Член 12

За учество на саеми и изложби во организација на Министерството за трговија се надоместуваат средствата за трошоците за

- изнајмување на саемските и изложбени површини (трошоци за закуп на штанд),
- уредување на штандот,
- транспорт, шпедиција и осигурување на саемските стоки и изложбените мостри,
- внесување во саемски каталог,
- издавање на саемска публикација,
- анимирање на деловните партнери (public relations),
- чистење на штандот и одвоз на отпадоци,
- приклучок за вода и струја

Член 13

За саеми во организација на Министерството за трговија, барателот, по добиеното известување дека ќе биде кофинансиран и ќе партиципира на саемот, должен е да уплати 25% од предвидените трошоци за неговиот настап на саемот, котизација на посебната сметка на министерството пред почетокот на саемот, во рок што ќе го определи министерството Доколку дојде до откажување на деловниот субјект кој веќе се пријавил, средствата уплатени за оваа намена не се враќаат

Член 14

Средствата од член 12 на овој правилник се користат врз основа на

1 Висина на остварен извоз во минатата година,

2 Целта заради која се учествува на саемот,

3 Стапката на додадена вредност во производите кои се извезуваат, технолошкото ниво и достигнување на претпријатието, преку развојот на нови производи (технолошки посовршени, еколошки производи и слично),

4 Производи со светски признати сертификати, ознаки за квалитет и меѓународни награди,

5 Резултати од вреднување на резултатите од претходно кофинансирани саеми и други проекти од барателот

Член 15

Кон барањето за одобрување на средства од надоместокот за саеми во организација на Министерството, барателот ја поднесува и следната документација

1 Информација за традиција на учество на барателот на конкретниот саем и искуствата од него,

2 Податоци за оствареният извоз во минатата година,

3 Информација за производите кои се изложуваат и информации за состојбата на целниот пазар (кои се пазарни лидери, кои се главни конкуренти, перспективи и трендови, движење на цените, пречки за поголем извоз на целниот пазар, кои се потенцијални предности на претпријатието на тој пазар, маркетинг стратегија за тој пазар и слично),

4 Биланс на успех по годишната пресметка со состојба на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколку е извршена ревизија на финансиските извештаи,

5 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

По завршување на саемот потребно е да се достави и

1 Изјава од овластеното лице за веродостојноста на направените трошоци,

2 Документи со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри, сметки и други документи),

3 Писмен извештај и оценка за одвивањето и ефектите од саемот

Член 16

За учество на саеми и изложби по иницијатива и организација на барателите се надоместуваат трошоците за

– изнајмување на саемските и изложбени површини (трошоци за закуп на штанд),

– уредување на штандот,

– транспорт, шпедиција и осигурување на саемските стоки и изложбените мостри

Член 17

Средствата од член 16 на овој правилник се користат врз основа на

1 Висина на остварен извоз во минатата година,

2 Значењето на саемот за стопанската гранка и од кој тип е истиот,

3 Целта заради која се учествува на саемот (предност имаат барателите кои се претставуваат за првпат на тој пазар или претставуваат нов производ),

4 Стапката на додадена вредност во производите кои се извезуваат, технолошкото ниво и достигнување на претпријатието, преку развојот на нови производи (технолошки посовршени, еколошки производи и слично),

5 Производи со светски признати сертификати, ознаки за квалитет и меѓународни награди;

6 Резултати од вреднување на резултатите од претходно кофинансирани саеми и други проекти од барателот

Член 18

Кон барањето за одобрување средства од надоместокот за саеми и изложби по иницијатива и организација на барателот, се поднесува и следната документација

1 Податоци за остварениот извоз во минатата година,

2 Информација за

– традиција (историјат) на саемот на кој барателот сака да учествува,

– тип на саем,

– податоци за површина, број на посетители, какво е значењето на саемот за тој сектор;

3 Биланс на успех по годишната пресметка со состојба на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколку е извршена ревизија на финансиските извештаи,

4 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

По завршување на саемот потребно е да се достави и

1 Изјава од овластеното лице за веродостојноста на направените трошоци,

2 Документи со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри, сметки и други документи),

3 Писмен извештај и оценка за одвивањето и ефектите од саемот

Член 19

Средствата од надоместокот се користат за надоместување на трошоците на деловните субјекти за консултантски услуги за развој на нови производи, воведување нова технологија, истражување и развој, know-how, индустриски и комерцијален дизајн, изготвување маркетинг стратегија, стратегија за промоција, обезбедување на деловни информации и сл

Член 20

Средствата од надоместокот од член 19 на овој правилник се користат врз основа на

1 Анализа за постоење на реални можности за пласман на производот или услугата на целниот пазар

– анализа на конкурентност на новиот производ или услугата на барателот на целниот пазар,

– големина и потенцијал на пазарот,

– очекуван извоз и финансиски ефект

2 Стапката на додадена вредност во производите кои се извезуваат, технолошкото ниво и достигнување на претпријатието, развојот на нови производи (технолошки посовршени, еколошки производи и слично),

3 Проценка на ефектот за зголемување на извозот, што би се добил како резултат на конкретната услуга,

4 Оценката за ефектите на досега конфинансираните проекти на барателот

Член 21

Кон барањето за одобрување на средства од надоместокот за консултантски услуги, барателот ја поднесува и следната документација

1 Изјава од овластеното лице за веродостојноста на направените трошоци,

2 Документи со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри) и документи со кои се докажува извршувањето на консултантската услуга (елаборати, скици, нацрти, извештаи и друго),

3 Анализа или инвестиционен елаборат врз кој се темели одлуката за развој на новиот производ и користење на консултантската услуга,

4 Извештај за истражување на пазарот за новиот производ со прогноза за продажбата и финансиските ефекти во наредните три години,

5 Прегледна финансиска конструкција на проектот,

6 Биланс на успех по годишната пресметка со состојба на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколку е извршена ревизија на финансиските извештаи,

7 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

Член 22

Средствата од надоместокот се користат за надоместување на трошоците на деловните субјекти за истражување на настапи на странските пазари

Член 23

По завршување на истражувањето за настапи на странски пазари, кофинансирано од средства на надоместокот, барателот е должен во рок од 30 дена да го извести Министерството за трговија за активностите што ги презел по однос на резултатите од извршеното истражување

Ако не постапи според барањето од став 1 на овој член, барателот го губи правото на користење на средствата од надоместокот за оваа намена

Член 24

Средствата од надоместокот од член 22 на овој правилник се користат врз основа на

1 Големината и потенцијалот на пазарот за кој се однесува истражувањето,

2 Целта на истражувањето,

3 Методологија на вршење на истото,

4 Реномето на извршителот на истражувањето,

5 Постапката и критериумите за избор на извршителот на истражувањето,

6 Оценка за ефектите на дотогаш конфинансираните проекти на барателот

Предност при користење на средствата од став 1 на овој член има истражувањето кое се однесува за производи кои се со повисока стапка на додадена вредност,

нови производи кои ги следат напредните светски трендови како на пр технолошки посовршени, еколошки производи и слично

Член 25

Кон барањето за одобрување на средства од надоместокот за истражување за настапување на странски пазари, барателот ја поднесува и следната документација

1 Информација за целите на истражувањето, план на истражувањето, начин и метод на кој ќе биде извршено и од кого ќе биде извршено,

2 Извештај за резултатите од истражувањето, како и мерките што ќе бидат преземени во врска со истото,

3 Калкулација за цената на чинење на истражувањето,

4 Опис на постапката и критериумите за избор на извршителот на истражувањето,

5, Примерок од извршеното истражување,

6 Изјава од овластеното лице за веродостојноста на направените трошоци,

7 Документи со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри, сметки и други документи),

8 Биланс на успех по годишната пресметка со состојбата на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколу е извршена ревизија на финансиските извештаи,

9 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

Член 26

Средствата од надоместокот се користат за надоместување на трошоците на деловните субјекти за изработка на промотивни материјали наменети за странските пазари Под промотивни материјали се подразбираат печатени материјали, аудио–видео продукција, CD–rom, web strana

Член 27

Средствата од надоместокот од член 26 на овој правилник се користат врз основа на

1 Висина на остварен извоз во минатата година,

2 Големина на пазарот за кој е наменето промотивното средство, според јазикот на кој истото се изработува,

3 Оценката за ефектите на досега кофинансираните проекти на барателот

Предност при користење на средствата од став 1 на овој член имаат промотивни материјали за производи кои се со повисока стапка на додадена вредност, нови производи кои ги следат напредните светски трендови како на пр технолошки посовршени, еколошки производи и слично

Член 28

Кон барањето за одобрување на средства од надоместокот за изработка на промотивни материјали наменети за странски пазари, барателот ја поднесува и следната документација

1 Информација за промотивното средство, за кој производ или услуга и за кој пазар е наменето (на кој јазик) и како ќе биде употребено,

2, Изјава од овластеното лице за веродостојноста на направените трошоци,

3 Документите со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри, сметки и други документи),

4 Да се достави примерок од изработеното промотивно средство,

5 Биланс на успех по годишната пресметка со состојба на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколу е извршена ревизија на финансиските извештаи,

6 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

Член 29

Средствата од надоместокот се користат за надоместување на трошоците на деловните субјекти за сертификација на производи наменети за извоз

Член 30

Средствата од надоместокот од член 29 на овој правилник се користат врз основа на

1 Проценка на ефектот за зголемување на извозот, што би се добил со сертифицирање на конкретниот производ или услуга,

2 Остварен извоз на конкретниот производ или услуга во минатата година,

3 Оценка за ефектите на досега кофинансираните проекти на барателот

Предност при користење на средствата од став 1 на овој член имаат проекти кои се однесуваат за производи кои се со повисока стапка на додадената вредност, нови производи кои ги следат напредните светски трендови како на пр технолошки посовршени, еколошки производи и слично

Член 31

Кон барањето за одобрување на средства од надоместокот за сертификација на производи наменети за извоз, барателот ја поднесува и следната документација

1 Информација за оствареният извоз на производот или услугата во минатата година и проценка, поткрепена со анализа за зголемување на извозот по добивање на сертификатот,

2 Изјава од овластено лице за веродостојноста на направените трошоци,

3 Финансиска конструкција на проектот и термински план за одделни фази на проектот и вкупно време на извршување на проектот,

4 Име на консултанската куќа која врши сертификација,

5 Документи со кои се докажуваат направените трошоци (ф-ри, сметки и други документи),

6 Биланс на успех и биланс на состојба по годишната пресметка со состојба на 31 декември за претходната година и Извештај на ревизорот доколу е извршена ревизија на финансиските извештаи,

7 Податоци за деловен партнер (тековни состојби) од Заводот за платен промет

Член 32

Барателите на кои ќе им бидат одобрени средства за намената од член 31 на овој правилник се обврзуваат писмено, дека во случај на губење на сертификатот ќе му ги надоместат доделените средства на Министерството за трговија

Член 33

Средствата од надоместокот се користат за надоместување на трошоците за учество на деловните субјекти на семинари и симпозиуми во странство и во земјата, кои се од областа на надворешно трговското работење, финансирањето и унапредувањето на извозот

Член 34

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 12-7478/2-99
11 февруари 2000 година
Скопје

Министер,
д-р **Милијана Давевска**, с р

272.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Макреш – Општина Свети Николе

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-664/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

273.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Патетино – Општина Свети Николе

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09 665/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

274.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Коњух – Општина Кратово

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-666/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

275.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Живово – Општина Витолиште

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-667/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

276.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Палчиште II – Општина Витолиште

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-668/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

277.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Врпско – Општина Витолиште

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-669/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

278.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Гудаково – Општина Витолиште

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-670/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

279.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл весник на РМ" бр 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Мелница – Општина Витолиште

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, преетанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл весник на РМ" бр 34/72 и 13/78)

Бр 09-671/1
15 февруари 2000 година
Скопје

Директор,
дипл правник **Ѓорѓи Лазески** с р

КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

10.

Врз основа на член 89 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр 80/93, 14/95 и 53/97), член 5 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на РМ" бр 39/94), министерот за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат склучуваат

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ" бр 8/98 и 11/98), во член 71 став 2 зборовите „работа подолга од полно работно време заради извршување на започната работа, работа во денови на празници, работа ноќе и во смени" и ставовите 3 и 4 се бришат

Член 2

Во член 139 став 3 зборовите „1 месец" се заменуваат со зборовите „3 месеци", зборовите „3 месеци" се заменуваат со зборовите „6 месеци" и се додава нов став 4 кој гласи

„Како ден на пријавување се смета денот на поднесувањето на предлогот за кршење на работната дисциплина од овластен подносител "

Член 3

Во член 171 зборовите „членот 70" се заменува со зборовите „членовите 70 и 71"

Член 4

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето и истиот ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Македонски
полициски синдикат
Претседател,
Воислав Зафировски, с р

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
Доста Димовска, с р

Огласен дел

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 4804/98, на регистарска влошка бр 020210959-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на Друштво за услуги и трговија „КОМПАНИЈА ЈОВЧЕВСКИ" Благоја, ДООЕЛ, ул „10" бр 46, с Бразда, Скопје

Фирмата е основана со акт од 03 07 1995 година, а основач е Јовчевски Благоја од Скопје

Дејности 60 21, 60 22, 60 23, 60 24, 52 24, 52 21, 52 2, 52 23, 52 25, 52 11, 52 27, 52 63, 52 41, 52 42, 52 44/3, 52 43, 52 44/2, 52 45, 52 46, 52 48, 52 44/1, 52 44/4, 52 47, 52 26, 52 33, 52 50, 52 12, 50 30/2, 50 10, 50 40/2, 51 21, 51 31, 51 38, 51 34, 51 23, 51 32, 51 33, 51 36, 51 37, 51 39, 51 41, 51 42/1, 51 42/2, 51 43, 51 64, 51 65, 51 53, 51 54, 51 44, 51 55, 51 56, 51 46, 51 25, 51 35, 51 22, 50 30/1, 50 40/1, 51 66, 51 57, 63 30, 55 11, 55 12, 55 30/1, 55 30/2, 93 02, 63 12, 01 11/1, 14 11, 14 21, 14 22, 20 10/1. 26 66. 25 22, 25 23, 28 12, 28 63, 28 73, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Р Грција, Албанија, Бугарија и СРЈ (Р Србија), продажба на стоки во слободни царински продавници, продажба на стоки во консигнациони складови, реекспорт, застапување и посредување во надворешниот трговски промет, комисион и меѓународен транспорт на стоки и патници

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства

Управител на друштвото и застапник во областа на надворешно-трговскиот промет е Јовчевски Благоја, без ограничување

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 4804/98 (214)

